МЕЃУНАРОДЕН НАУЧНО-СТРУЧЕН СОБИР НА ТЕМА:
# "ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ-СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ"

Научно-стручниот собир беше реализиран во периодот од 17-19 Мај, во хотел Сириус-Струмица. Организатори на овој собир беа:

- **Сојузот на дефектолози на Република Македонија;**
- **Министерството за образование и наука на Република Македонија;**
- **Филозофски факултет-Институт за дефектологија.**

Собирот беше организиран со цел:

1. Да се презентираат развиени системи на инклузивно образование;
2. Да се согледа состојбата во процесот на инклузивното образование во Република Македонија од аспект на засегнатите страни од процесот;
3. Да се согледаат предизвиците со кои треба да се соочи Република Македонија, во насока на унапредување на инклузивното образование на децата со посебни образовни потреби во предучилишните, основните и средните образовни установи.

Во продолжение на овој документ се опишани организацијата и текот на собирот.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА НАУЧНО-СТРУЧЕН СОБИР

Организацијата на овој научно-стручен собир започна со одлука на Претседателството на Сојузот на дефектолози на Р.Македонија донесена на 26.12.2011 година. По донесување на оваа одлука членови на Претседателството организираа состаноци со Министерството за образование и наука и Филозофскиот факултет со цел вклучување на овие две институции во организацијата на овој собир. По добивање на согласностите за учество во организација на собир од ваков вид започнаа активностите преку кои ќе бидат постигнати целите за кои овој научно-стручен собир е организиран.
За успешна реализација на **првата** поставена **цел** односно да се презентираат развиени системи на инклузивно образование беа поканети гости кои учествувале во развојот на системите на инклузивното образование од Р.Хрватска, Р.Србија и Р.Бугарија.
За успешна реализација на **втората** поставена **цел** односно согледување на состојбата во процесот на инклузивното образование во Р.Македонија беа поканети свое учество да земат стручни лица - дефектолози (различни профили); институции кои се занимаваат со заштита, образование, рехабилитација и третман на децата со посебни образовни потреби и лицата со инвалидност; родители на деца со и без посебни образовни потреби вклучени во редовниот систем на образование; членови на педагошко – психолошките служби од редовните предучилишни, основни и средни образовни установи; наставен кадар од редовните предучилишни, основни, средни и високо образовни установи; директори на редовни предучилишни, основни и средни образовни установи; претставници од централната и локалната власт како и претставници на инвалидските организации.
Сите поканети имаа можност да ја изберат формата на своето учество. Имаа можност своите трудови да ги презентираат на пленарно излагање, усно излагање, постер презентација како и можност на учество без излагање.

Учесниците имаа можност своите трудови да ги пишуваат согласно темите на научно-стручниот собир и тоа**:**

- Процена и идентификување на специфичните потреби на децата;
- Мултидисциплинарен пристап во инклузивното образование;
- Улогата на родителите во инклузивното образование;
- Индивидуален образовен план;
- Профил и компетенции на наставниот кадар и дефектолозите во инклузивното образование;
- Менаџмент на промени-модели на добра практика;
- Сервисни служби за поддршка на инклузивното образование;
- Соработка помеѓу чинителите во инклузивното образование.

До програмскиот комитет на предвидените теми пристигнаа вкупно 72 трудови. Овие трудови беа поделени во четири сесии:
СЕСИЈА А: Инклузивно образование:современи практики;
СЕСИЈА Б: Инклузивен пристап во Европа и Р.Македонија;
СЕСИЈА В: Мултидисциплинарен пристап во инклузивното образование;
СЕСИЈА Г: Рана интервенција и социјална инклузија.

За успешна реализација на **третата** поставена **цел** односно да се согледаат предизвиците со кои треба да се соочи Република Македонија, во насока на унапредување на инклузивното образование на децата со посебни образовни потреби во предучилишните, основните и средните образовни установи, беа предвидени дискусии во четири тркалезни маси. Темите предвидени за дискусии на тркалезните маси беа:
**1.Планирање, оценување и евалуација на воспитно-образовната работа**
**2.Менаџмент на инклузивното образование како социјална промена**
**3. Мултидисциплинарен пристап во инклузивното образование**
**4. Проценка, оценка и идентификација на децата со посебни образовни потреби**
За успешна дискусија и успешна презентација на трудовите за време на сесиите и тркалезните маси беа одредени по двајца модератори и еден секретар во секоја од сесиите.
Научно-стручниот собир свечено беше отворен на **17.05.2012** година (четврток). На отворањето свои обраќања имаа организаторите на овој собир
**Г-дин Горан Петрушев-Претседател на Сојуз на дефектолози на Р.Македонија**
**Г-дин Панче Кралев-Министер за образование и наука**
**Г-дин Горан Ајдински-Декан на Филозофскиот факултет**
Свои поздравни обраќања имаа **г-дин Зоран Заев**-градоначалник на општина Струмица како и **Д-р Иван Двојаков** член на Управниот одбор на Здружението на педијатри на Р.Македонија.
Веднаш по поздравните обраќања од страна на **г-ѓа Лидија К.Дијчиновска**, секретар на научно-стручниот собир беше презентиран трудот на тема: **"Инклузивно образование-состојба и предизвици"** во кој накратко се сублимирани досегашните активности во однос на инклузивното образование во Р.Македонија. Со ова излагање беа опфатени законските регулативи, реализираните проекти, вработувањето на мобилни дефектолози, како и местото и улогата на посебните установи во инклузивниот процес.

Веднаш по презентацијата на овој труд **Проф.д-р Ристо Петров**, главен и одговорен уредник го промовираше **Зборникот на трудови** од овој собир. Издавачи на овој Зборник се :
1.Сојузот на дефектолози на Р.М,
2.Филозофскиот факултет и
3.Министерството за образование и наука
Напишан е на **624** страни, а содржи вкупно **72** трудови. Најголемиот број на трудови се од Р.Македонија, меѓутоа во Зборникот има и трудови од Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Босна и Косово.
Во склоп на отворањето, веднаш по промоцијата на Зборникот беа доделени и наградите и признанијата од страна на Фондацијата "Проф. Д-р Љупчо Ајдински". Наградите беа доделени во три категории:
**Категорија 1.** Најдобра посебна установа од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата, во однос на организацијата на работата, за успешно извршување на програмските задачи и постигнатиот успех во работата со учениците односно корисниците во текот на 2011 година. Во оваа категорија наградата беше доделена на ПОУ "Маца Овчарова" – Велес.
**Категорија 2**. Најдобар корисник на установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со посебни потреби, во текот на 2011 година. Во оваа категорија наградата беше доделена на Игорче Постолов, корисник на ЈУ Завод за рехабилитација "Бања Банско"-Струмица.
**Категорија 3**. Најдобар практичар вработен во установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со посебни потреби, во текот на 2011 година. Во оваа категорија наградата беше доделена на г-ѓа Лорета Андреевска, вработена во ПОУ "Иднина"-Скопје.

На **18.05.2012** година (петок), започна работниот дел од научно-стручниот собир. Во **претпладневните** часови беа презентирани трудовите во **пленарни излагања**. Беа презентирани вкупно **7 трудови** од страна на:

- Ива Вишемирска-претстваник од Министерството за образование и наука на тема: **Инклузивно образование во Р.Македонија-мерки и активности за успешна имплементација;**
- Доц.д-р Зоран Киткањ-раководител на Институтот за дефектологија на тема: **Инклузијата во Македонија-денес и утре,**
- Г-ѓа Нора Шабани-претставник од канцеларијата на УНИЦЕФ во Р.Македонија на тема: **Системски пристап во Инклузивното образование**;
- Г-ѓа Надјенка Туторов-Апостоловска-родител на тема: **Искуство на родители во инклузивниот процес;**
- Доц. Д-р Анамарија Жиц Ралич- претставник од Р.Хрватска на тема: **Inclusive education in Croatia;**
- Г-ѓа Марија Ристовски-претствник од Р.Србија на тема: **Кампања за инклузивното образование во Р.Србија** и
- Проф.д-р Мира Цветкова-Арсова-претставник од Р.Бугарија на тема: **Integrated inclusive educational of students with special educational needs**.

Веднаш по пленарните излагања на темите, во склоп на овој собир беше направена промоција на книгата "Живот и дело" од Проф.д-р Љупчо Ајдински, чиј промотор беше проф.д-р.Трајан Гоцевски.
Во текот на попладневните часови на 18.05.2012 беа презентирани останатите трудови од Зборникот распоредени во четири сесии. Во текот на сесиите беа

презентирани **56** трудови. Во **Сесија А** беа презентирани вкупно **14 трудови**, во **Сесија Б** беа презентирани **13** трудови, во **Сесија В** беа презентирани **16** трудови и во **Сесија Г** беа презентирани вкупно **13** трудови.

По презентацијата на трудовите по сесии учесниците на собирот имаа можност да учествуваат на дискусии на тркалезни маси по сопствен избор. Учесниците имаа можност да се пријават на следниве теми:

**1. Проценка, оценка и идентификација на децата со посебни образовни потреби**

На оваа тркалезна маса беше дискутирано за следниве точки:

1.1 Медицинска - функционална проценка и оценка;

1.2 Работа на Комисиите за оценка и проценка на видот и степенот на попреченост и специфични потреби, при Заводите за ментално здравје;

1.3 Интерресорна координација - здравство – социјала – образование;

1.4 Идентификација на деца со посебни образовни потреби во редовното училиште/градинка(за оние деца кај кои отпосле стануват евидентни одредени функционално –развојни и/или едукативни потешкотии, не се детектирани при уписот на детето во училиште/градинка ).

Модератори на оваа тркалезна маса беа Проф.д-р Иван Двојаков, Рената Ристеска а секретар Лорета Андреевска.

**2. Мултидисциплинарен пристап во инклузивното образование**

На оваа тркалезна маса беше дискутирано за следниве точки:

2.1 Компетенции(ставови, информираност) на наставниот кадар во редовните училишта за работа со деца со ПОП;

2.2 Дефектологот во инклузивното образование;

2.3 Координација и соработка на релација наставник – дефектолог – родител;

2.4 Улогата и функцијата на Завод за ментално здравје – комисии - во процесот на инклузија,

2.5 Улогата и функцијата на посебните училишта во процесот на инклузија.

Модератори на оваа тркалезна маса беа Проф.д-р Ристо Петров, Самир Грбле а секретар Асс.м-р Наташа Станојковска-Трајковска.

**3.Планирање, оценување и евалуација на воспитно-образовната работа**

На оваа тркалезна маса беше дискутирано за следниве точки:

3.1 Планирање на воспитно-образовната работа со деца со посебни образовни потреби вклучени во редовните училишта;

3.2 Изготвување на ИОП – Правилник за ИОП;

3.3 Оценување на едукативните постигнувања на децата со ПОП;

3.4 Евалуација на воспитно-образовната работа со децата со ПОП, евалуација на ИОП.

Модератори на оваа тркалезна маса беа: Лидија Крстевска Дојчиновска, Асс.м-р Александра Каровска а секретар Анета Стефановска.

**4.Менаџмент на инклузивното образование како социјална промена**

4.1 Фундамент на инклузивното образование;

4.2 Улога и компетенции на локалната самоуправа во градењето на современ инклузивен образовен процес;

4.3 Централна координација (на ниво на држава) на процесот на инклузивно образование;

4.4 Инклузивно училиште/установа

Модератори на оваа тркалезна маса беа Горан Петрушев, Доц.д-р Зоран Киткањ, а секретар Катерина Величковска.

За време на сесиите и тркалезните маси беа водени записници од кои произлегоа заклучоци и предлози кои беа презентирани на **19.05.2012** година (сабота). Со усвојување на заклучоците и предлозите научно-стручниот собир беше затворен.

19.05.2012
Струмица

Претседател на Сојуз на
дефектолози на Р.Македонија
Горан Петрушев